# ЗАПИСНИК

Од одржаната 35-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 30.10. 2023 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата беа присутни сите членови (9 советници ) на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Иванчо Котевски, Александар Канзуровски, Љупчо Петровски, Горан Велјановски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни Градоначалникот Стевановски и вработени во Општина Новаци: Анета Киселоска – раководител, Николина Лозановска – советник, Оливера Димитровска - раководител и Летка Јовановска – раководител.

Гостин: Вецко Стојчевски - директор на ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 34-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за период од 01.01.2023 г. до 30.09.2023г. (трет квартал);
3. Разгледување и усвојување на Ребаланс на Буџетот на Општина Новаци за 2023 г. и донесување на Одлука;
4. Разгледување и донесување на Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на Општина Новаци за сезоната 2023/24 г.;
5. Разгледување и донесување на Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите на Општина Новаци;
6. Разгледување на Барање од ЈПКД „ Комунална Хигиена“ - Новаци за назначување на 2 (два) члена во Управен одбор и донесување на Одлука;
7. Разгледување и усвојување на Одлука за измени и дополнувања на основен статут на Општинското основно училиште „Славко Лумбарковски“- Новаци;
8. Разгледување и усвојување на Измена на Годишен план за јавни набавки на ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци за 2023 год.;
9. Разгледување на Барање од ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци за санација на електрична инсталација и соодветно поврзување на клима уреди во подрачните училишта во селата: Бач, Живојно, Гермијан и Агларци;
10. Разгледување на Барање од ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци за санација на прозорци во подрачното училиште во с.Бач;
11. Разгледување на Финансиски извештај за работењето на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ – Новаци за учебната 2022/23 год. и донесување на Одлука;
12. Разгледување на Барање од ЗУСК „Славко Лумбарковски“- Новаци за финансиски средства за реализација на физичките активностите во учебната 2023/24 год ;
13. Советнички прашања.

**Дополнување:** Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

1. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Соња Миленковска од с. Паралово како лице со посебни потреби;
2. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Снежана Митревска с. Новаци, лице со здравствени проблеми.

Пред да се стави на гласење Дневниот ред на 35-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска предложи, Дневниот ред да се измени и дополни со дополнителни 2 ( две) точки кои поради својата итност, неодложно треба да се разгледуваат на оваа седница и тоа:

1. Разгледување на Барање од Здружение за спорт " ОФФ РОУД КЛУБ Пелистер" Битола", за финансиски средства за реализација на дводневна Офф роуд тура во пределот на Кајмакчалан со посета на Добро поле;
2. Разгледување и донесување на Финансиска програма за јавни дејности (образование) во Општина Новаци за 2023 г.

На тој начин Дневниот ред кој беше составен од 13 (тринаесет) точки се измени и дополни така што Дневниот ред на 35-та седница на Советот на Општина Новаци, по претрпените измени и дополнувања е составен од 17 точки, со тоа што точката бр. 13 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 17.

Предлогот за изменетиот и дополнет Дневен ред на 35-та Седница на Советот на Општина Новаци беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **9 гласа за**.

**1 точка:** Разгледување и усвојување на Записникот од 34-та седница на Совет на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 34-та Седница, беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

**2 точка:** Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за период од 01.01.2023 г. до 30.09.2023г. (трет квартал);

По однос на втората точка збор зеде Оливера Димитровска - раководител на финансии која пред советниците го презентира третиот квартал според кој има 73% реализација од вкупниот Буџет на Општина Новаци како и подмирени доспеани расходи во износ од 13.000.000,00 ден.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за период од 01.01.2023 г. до 30.09.2023г. (трет квартал).

**3 точка:** Разгледување и усвојување на Ребаланс на Буџетот на Општина Новаци за 2023 г. и донесување на Одлука;

Оливера Димитровска - раководител на финансии, пред Советот ја објасни потребата од Ребаланс на Буџетот и потенцираше дека рамката е зголемена во износ од 7.000.000,00 ден. поради доспеани средства по основ на концесии од 2022 год. а кои доспеале во 2023.год. Во ставката приходи од дотации средствата се зголемени од 2.000.000,00 ден. по основ на зголемување на платите во секторот образование, зголемување на плати на администрацијата од 10% и зголемување на платата на Градоначалникот.

Советот на Општина Новаци го разгледа Ребалансот и со **9 гласа за** донесе Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Новаци зе 2023 год.

**4 точка:** Разгледување и донесување на Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на Општина Новаци за сезоната 2023/24 г.;

По однос на четвртата точка Филип Радевски - советник, пред советот на Општина Новаци ја презентираше Програмата чија цел е ефикасно спроведување на зимското одржување на локалните патишта и улици на територијата на Општина Новаци и за чија реализација од Буџетот на Општина Новаци се обезбедени 1.200.000,00 ден.

Советот на Општина Новаци гласаше така што со **9 гласа за** донесе Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на Општина Новаци за сезоната 2023/24 г.;

**5 точка** Разгледување и донесување на Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите на Општина Новаци;

По однос на петтата точка, советниците беа информирани за новиот состав на Комисија за унапредување на правата на пациентите на Општина Новаци на предлог на Претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Горан Велјановски. Имено Комисијата е составена од 11 членови од кои 3 претставници од Советот, 2 претставници од редот на пациентите, два претставници – доктори и 4 претставници од здруженија на граѓани.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите на Општина Новаци.

**6 точка:** Разгледување на Барање од ЈПКД „ Комунална Хигиена“ - Новаци за назначување на 2 (два) члена во Управен одбор и донесување на Одлука;

На предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, претседателот Горан Велјановски на советниците им ги предожи Стефан Стојановски од с. Новаци и Иванчо Петковски од с. Г. Агларци, за членови на Управниот одбор на ЈПКД „ Комунална Хигиена“

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за и 3 гласа воздржан** го прифати предлогот и донесе Одлука за изменување и дополнување на Решение за именување на членови на Управен одбор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци.

**7 точка**: Разгледување и усвојување на Одлука за измени и дополнувања на основен статут на Општинското основно училиште „Славко Лумбарковски“- Новаци;

Вецко Стојчевски - директор на ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци пред советниците ја презентираше потребата од промена на Статутот кој претставува законска обврска според Законот за образование од 2020 год. како и поради промената на работното време на наставниците, административните вработени, стручните соработници и техничкиот персонал од двосменско во едносменско.Исто така од минатата година во с. Рибарци е затворено подрачното училиште поради недоволен број на деца во наведеното училиште.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за давање на согласност на Одлука за измена и дополнување на основен Статут на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ Новаци.

**8 точка**: Разгледување и усвојување на Измена на Годишен план за јавни набавки на ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци за 2023 год.;

Директор на ООУ „Славко Лумбарковски“, Вецко Стојчевски им објасни на советниците дека промената се однесува за набавка на компјутерска информатичка опрема за која финасиските средства се обезбедени од страна на Министерството за образование.

Советот на Општина Новаци по дискусијата гласаше, така што **едногласно** донесе Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за 2023 година.

**9 точка**: Разгледување на Барање од ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци за санација на електрична инсталација и соодветно поврзување на клима уреди во подрачните училишта во селата: Бач, Живојно, Гермијан и Агларци;

По однос на оваа точка советниците беа информирани дека во подрачните училишта во наведените села се набавени клима уреди, но електричната инсталација е несоодветна што претставува закана по безбедноста на учениците – наведе директорот Вецко Стојчевски.

Советот на Општина Новаци го разгледа барањето и по кратката дискусија со **9 гласа за** донесе Одлука за санација на електрична инсталација и соодветно поврзување на клима уреди во подрачните училишта на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ во селата: Бач, Живојно, Гермијан и Агларци.

**10 точка**: Разгледување на Барање од ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци за санација на прозорци во подрачното училиште во с.Бач;

Советот на Општина Новаци го разгледа Барањето, кое директорот Вецко Стојчевски им го објасни на советниците, а со кое се бара помош околу санација на отвори за прозори во подрумските простории со дрвени штици или др. матерјал со цел да се подобри енергетската ефикасност во целиот училишен објект во с. Бач.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за санација на прозори во подрачното училиште на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ во село Бач.

**11 точка:** Разгледување на Финансиски извештај за работењето на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ – Новаци за учебната 2022/23 год. и донесување на Одлука;

По однос на единаесетта точка, советниците го разгледаа Финансиски извештај за работењето на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ – Новаци и при што констатираа дека постојат несоодветности во износот кој е исплатен на менторите во Извештајот во споредба со предвидениот процентуален износ кој е предвиден од страна на Федерацијата на училишен спорт на РСМ,а кој изнесува 60%. Бидејки претставниците на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ не беа присутни на седницата да дадат објаснување, Претседателката на Советот Славица Најдовска-Стојковска предложи да се одложи разгледувањето на точката бр. 11 за наредната седница кога ќе бидат присутни и претставници на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ и воедно ќе добијат можност да дадат објаснување и да одговорат на прашањата од советниците.

Предлогот за одложување на точка бр.11 е прифатен со **9 гласа за** .

**12 точка**: Разгледување на Барање од ЗУСК „Славко Лумбарковски“- Новаци за финансиски средства за реализација на физичките активностите во учебната 2023/24 год ;

Претседателката на Советот, Славица Најдовска-Стојковска предложи да се одложи разгледувањето точка бр.12 затоа што разгледувањето на оваа точка е директно поврзано со Одлуката која треба да се донеси ,а се однесува на точка бр.11.

Советот на Општина Новаци **едногласно** го прифати предлогот на Претседателката за одложување на точка бр.12 за наредната седница.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош на физички лица Дневниот ред се дополни со 2 (две) точки.

**13 точка:** Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Соња Миленковска од с. Паралово како лице со посебни потреби;

Советот на Општина Новаци го разгледа Барањето од Соња Миленковска од с. Паралово како лице со посебни потреби (слепило), така што **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Соња Миленковска од с. Паралово во износ од 20.000,00 ден.

**14 точка:** Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Снежана Митревска с. Новаци, лице со здравствени проблеми.

Советот на Општина Новаци го разгледа Барањето од Снежана Митревска с. Новаци како, лице со здравствени проблеми и **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Снежана Митревска с. Новаци во износ од 20.000,00 ден.

**15 точка:** Разгледување на Барање од Здружение за спорт " ОФФ РОУД КЛУБ Пелистер" Битола", за финансиски средства за реализација на дводневна Офф роуд тура во пределот на Кајмакчалан со посета на Добро поле;

По однос на оваа точка советниците беа информирани "ОФФ РОУД КЛУБ Пелистер" традиционално по повод ослободувањето на град Битола, 4-ти Ноември, организира дводневна Офф роуд тура во пределот на Кајмакчалан со посета на Добро поле т.е на територија која припаѓа на Општина Новаци. Градоначалникот Стевановски предложи советот да го подржи овој настан бидејки се реализира на територија на Општина Новаци со што ќе се допринесе за промоција на општината. Неговиот предлог беше финансиската поддршка да изнесува 30.000,00 ден., средства кои ќе се обезбедат од буџетот на Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци гласаше така што со **6 гласа за и 3 гласа против** донесе Одлука за одобрување на еднократна финансиска помош на Здружение за спорт „ОФФ Роуд Клуб Пелистер" Битола.

**16 точка:** Разгледување и донесување на Финансиска програма за јавни дејности (образование) во Општина Новаци за 2023г.

Оливера Димитровска - раководител на финансии пред советниците им ја презентираше Финансиската програма за јавни дејности во која се предвидува исплата на годишен регрес на вработените во ООУ „Славко Лумбарковски" Новаци во износ од 10.000,00 ден. кои треба да се исплатат до крајот на 2023г. Оваа е новина во образованието кое преставува законска обврска, а за чија реализација е одговорен основачот односно во овој случај тоа е Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци ја разгледа Програмата и со **9 гласа за** донесе Финансиска програма за јавни дејности (образование) во Општина Новаци за 2023г.

**17 точка:** Советнички прашања

По однос на оваа точка збор зеде советникот Наумче Смилевски и постави прашање до Градоначалникот Стевановски кое се однесува на претстојната Јавна расправа за влијанието од изградбата на регионалната депонија врз животната средина во Општина Новаци.

Градоначалникот Стевановски одговори дека се организираат повеќе активности на оваа тема организирани од страна на Министерството за животна средина и АТКОМ (Здружение на давателите на комунални услуги на РСМ), на кои се поканети жителите на Општина Новаци, претпријатија, фирми и останати правни субјекти како и здруженија на граѓани, месни заедници и останати чинители кои се директно засегнати по однос на ова прашање.

Советот на Општина Новаци, по разгледувањето на сите точки од дополнетиот и изменет Дневен ред на 35-та седница, заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска